Марија Амповска

# ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ



**Штип 2021**

Марија Амповска

ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ

Штип 2021

Марија Амповска

ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Автор:** вонреден професор Марија Амповска

**ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ**

**Рецензенти:** вонреден професор Борка Тушевска Гавриловиќ
вонреден професор Кристина Мишева

**Лектор:**
Слаѓан Спасовски

**Техничко уредување:**
Марија Амповска

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

**Објавено во е-библиотека:**(Arial 11, Bold)
https://e-lib.ugd.edu.mk

**DOI:** _________________ (Arial 11, Bold)

CIP - Каталогизација во публикација

(Arial 9, Regular)

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

Вонреден професор Марија Амповска

# ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ

Штип, 2021

## ПРЕДГОВОР

Учебникот Право на осигурување е авторско дело на професорот д-р Марија Амповска, која во рамките на својата наставно-научна дејност на Правниот факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип активно работи и на предметот Право на осигурување. Идејата да се изработи и издаде овој учебник пред сѐ произлезе од недостатокот на правни учебникарски ресурси за Правото на осигурување во домашната правна литература. Авторот, воден од желбата на студентите да им понуди теоретско систематизирање во форма на учебник на своите студенти, после подолг период го издава овој учебник, како прв од својот вид во домашната правна литература. На овој начин се остварува целта студентите да имаат учебно помагало за совладување на сите институти на оваа правна гранка, да стекнат знаења за сите аспекти на правото на осигурување, да ја осознаат домашната правна теорија, законодавство и практика во поглед на примената и остварувањето на правото на осигурување, но исто така и споредбено-правната теорија, законодавство и практика.

За таа цел авторот преку еден мултидисциплинарен пристап, кој го бара самото Право на осигурување, ја подели книгата на следниве целини: Поим на правото на осигурување и неговото место во правниот систем, Формално-правни извори на правото на осигурување, Основни поими (елементи) на осигурувањето, Субјекти во правото на осигурување, Статусно право на осигурување, Договорно право на осигурување, Осигурување на имот, Осигурување од одговорност, Осигурување на лица, Реосигурување и соосигурување и на крајот Остварување на правата од осигурување.

Врз структурирањето на ова дело најголемо влијание имаа книгите (кои се користат како учебници на соодветните факултети) на еминентни професори во српското и хрватското право, кои целиот свој професионален развој и работа го бележат токму во оваа област. Следејќи го нивниот пример и овој учебни ги надминува во одредена мера универзитетските (болоњски) стандарди за пишување на учебник бидејќи одредени прашања се обработени преку приказ на теоретско конципирање, законска уреденост и критички размислувања. На овој начин на студентите ќе им се понуди ресурс кој ќе им послужи и на втор и на трет циклус на студии, а правната литература ќе се збогати во интерес на сите теоретичари и практичари кои го допираат ова поле од науката.

Во книгата посебно внимание се посветува на осигурувањето од одговорност на носителите на правните професии (адвокати, нотари и извршители). Одлуката на авторот оваа тема да ја истакне, за сметка на други прашања кај кои е посветено помало внимание е желбата да се упати студентот во теоретско-практичните аспекти на неговата професија, во случаите кога ќе избере некоја од регулираните правни професии. Во поглед на оваа содржина исто така се истакнува и посветената разработка на елементите на граѓанско-правната одговорност и нејзината поврзаност со правото на осигурување, што се должи на тоа што еден значителен дел од творештвото и научно-истражувачката работа на авторот се наоѓа токму во областа на Отштетното и Облигационото право.

Во врска со процесот на пишување на овој учебник авторот само би забележал дека пишувањето на оваа книга беше вистински предизвик, со оглед на тоа што творешкото патешествие на авторот не беше трасирано или потпомогнато од домашната научна и стручна литература, каде отсуствува разработка на прашањата од Правото на осигурување и систематизација на истото. Од друга страна овој недостаток авторот се обиде да го надмине со користење на научна литература од научни истражувачи во споредбено-правните системи кои имаат иста или слична правна регулатива на

материјата. Ова посебно се однесува на уреденоста на договорот за осигурување во нашиот Закон за облигационите односи која ги има своите основи во Законот за облигационите односи од 1978 донесен од страна на Собранието на СФР Југославија, а по распадот на Југославија неговите одредби се влеаја во националните правни системи на независните држави.

На крај, само би истакнале дека Правото на осигурување е динамична област на правото каде многу често практиката на осигурувањето како дејност е чекор пред законодавецот и теоријата. Оттаму надеж на авторот е дека ова дело од една страна ќе најде свое место во класичната литература од областа на правото на осигурување, во рамките на домашната правна литература, а од друга страна дека ќе допре до младите истражувачи и истите ќе ги поттикне и мотивира да се занимаваат со оваа област во правото и да ја развиваат, а сè со цел Правото на осигурување во домашното право да го добие заслуженото место (кое веќе го има во развиените правни цивилизации) на првокласна правна дисциплина, а не на подзаборавена и запоставена правна дисциплина во домашната правна теорија.

*Авторот*

**СОДРЖИНА**


Значење на користени скратеници во учебникот ... 17

ГЛАВА 1 ... 18

ПОИМ НА ПРАВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕ И НЕГОВОТО МЕСТО ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ ... 18

1.1. Поим на осигурување ... 18

1.1.1. Однос на осигурувањето и социјалното осигурување ... 21

1.1.2. Однос на правото на осигурување со отштетното право ... 23

1.2. Видови на осигурување во правната теорија ... 25

1.2.1. Поделба на осигурувањето според природата на ризикот ... 26

1.2.2. Поделба на осигурувањето според предметот на осигурување ... 28

1.2.3. Поделба на осигурувањето според начинот на настанување ... 30

1.2.4. Поделба според начинот на израмнување на ризикот ... 33

1.2.5. Поделба на осигурувањето според начинот на организирање на осигурувањето ... 36

1.2.6. Поделба на осигурувањето на индивидуално и колективно ... 37

1.3. Видови осигурување според домашното законодавство ... 38

ГЛАВА 2 ... 41

ФОРМАЛНО – ПРАВНИ ИЗВОРИ НА ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ ... 41

Воведни напомени за изворите на правото на осигурување ... 41

2.1. Уставот како извор на правото на осигурување ... 41

2.2. Законот за облигационите односи како извор на право на осигурување ... 42

2.3. Закони од областа на осигурувањето како извор на правото ... 45

2.3.1. Закон за супервизија на осигурувањето ... 45

2.3.2. Закон за задолжително осигурување во сообраќајот ... 46

2.3.3. Закон за доброволно здравствено осигурување ... 51

2.3.4. Законот за облигациони и стварноправни односи во воздушниот сообраќај ... 52

2.4. Општи услови ... 55

2.5. Обичајот како извор на правото на осигурување ... 57

2.6. Општи правила на граѓанското и трговското право ... 58

2.7. Судската практика и правната наука ... 59

2.8. Ред на примена (првенство) на изворите на правото на осигурување ... 59

2.9. ЕУ Директиви релевантни за правото на осигурување ... 60

**2.9.1. Директиви за осигурување од граѓанско-правна одговорност за штета настаната при употреба на моторни возила** ... 62

**2.9.2. Директиви кои уредуваат статусно право на осигурување во ЕУ** ... 64

**ГЛАВА 3** ... 67

**ОСНОВНИ ПОИМИ (ЕЛЕМЕНТИ) НА ОСИГУРУВАЊЕТО** ... 67

**Воведни напомени** ... 67

**3.1. Ризик** ... 68

**3.1.1. Можност за настанување на настанот** ... 69

**3.1.2. Неизвесност на ризикот** ... 69

**3.1.3. Независност на ризикот од исклучивата волја на заинтересираните страни** ... 70

**3.1.4. Допуштеност на ризикот** ... 74

**3.1.5. Влијание на промените кај ризикот врз содржината на договорот за осигурување** ... 76

**3.2. Осигурен случај** ... 76

**3.2.1. Време и место на остварување на осигурениот случај** ... 78

**3.2.2. Каузалитет кај осигуренот случај** ... 79

**3.3. Осигурена сума** ... 80

**3.3.1. Однос на осигурената сума со вредноста на осигурениот интерес** ... 80

**3.3.2. Значење на осигурената сума кај одделните видови осигурување** ... 81

**3.3.3. Разликување на осигурената сума од институтот надомест на штета** ... 83

**3.4. Премија на осигурување** ... 85

**3.4.1. Елементи на премијата** ... 86

**3.4.2. Утврдување на висината на премијата** ... 87

**3.4.3. Неделивост/ деливост на премијата** ... 88

**3.4.4. Обврска за плаќање на премијата** ... 90

**ГЛАВА 4** ... 92

**СУБЈЕКТИ ВО ПРАВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕ** ... 92

**Воведни напомени** ... 92

**4.1. Осигурувач** ... 92

**4.2. Осигуреник** ... 93

**4.3. Корисник на осигурувањето** ... 95

**4.4. Осигурено лице** ... 96

4.5. Носител на стварни права на осигурената ствар 97
4.6. Прибавувач на осигурен предмет 97
4.7. Трето оштетено лице 98
4.8. Застапници и посредници во осигурувањето 99
ГЛАВА 5 101
СТАТУСНО ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ 101
Воведни напомени 101
5.1. Услови за основање на друштва за осигурување 103
5.1.1. Статусни услови 103
5.1.2. Финансиски услови 105
5.1.3. Квалификациони услови во поглед на членовите на извршниот и надзорниот одбор 106
5.1.4. Технички услови 108
5.1.5. Издавање дозвола за вршење на работи на осигурување 108
5.2. Супервизија на осигурувањето во Р.С.Македонија 110
ГЛАВА 6 112
ДОГОВОРНО ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ 112
6.1. Поим и карактеристики на договорот за осигурување 112
6.1.1. Двострано-обврзувачко правно дело 112
6.1.2. Алеаторен договор 114
6.1.3. Именуван договор 114
6.1.4. Атхезионен договор 115
6.2. Слобода на договарање кај договор за осигурување 116
6.3. Страни на договорот 118
6.4. Склучување на договорот 119
6.5. Содржина на договорот за осигурување 120
6.5.1. Обврски на осигурувачот 121
Обврска за прифаќање на понудата за склучување на договорот 121
Обврска за осигурувачот да го извести осигуреникот за условите на осигурувањето и да му ги предаде 122
Обврска на осигурувачот да создава резерви на осигурувањето 125
Обврска на осигурувачот да спроведува мерки на превенција и репресија 125
Обврска на осигурувачот да врши работи во врска со полисата 125

Обврска на осигурувачот за исплата на надомест од осигурувањето или осигурена сума 126
Обврска на осигурувачот за поднесување на трошоците за спасување 128
6.5.2. Обврски на договарачот на осигурувањето и осигуреникот 129
Пријавување на околности од значење за оцена на ризикот 129
Плаќање на првата премија за осигурување 133
Обврска на осигуреникот за плаќање на премијата за осигурувањето 134
Обврска на осигуреникот за известување на осигурувачот за промена на ризикот 136
Обврска на осигуреникот за спречување да настане осигурениот случај 139
Обврска на осигуреникот за известување на осигурувачот дека осигурениот случај настанал 140
Обврска на осигуреникот за отстранување и спречување на штетата 142
6.6. Траење на осигурувањето 143
6.6.1. Договори склучени на неопределено време 145
6.6.2. Договори склучени на определено време 146
6.6.3. Престанување на осигурувањето 148
6.6.4. Застареност 158
ГЛАВА 7 162
ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ 162
7.1. Поделба во рамките на осигурувањето на имот 162
7.1.1. Начело на надомест на штета 162
Кумулација на надоместот на штета и осигураната сума 165
Договори за осигурување кај кои кумулација е забранета 166
Договори за осигурување кај кои кумулација, по правило, е дозволена 168
7.1.2. Интерес за осигурување на имот 169
7.2. Надомест кај осигурувањето на имот 171
7.2.1. Видови на штета и обем на надомест кои можат да се покријат со осигурувањето 176
7.2.2. Облик и обем на надомест на штета кај имотното осигурување 180
7.2.3. Однос на вредноста на стварта и осигурената сума 185
Надосигурување 185
Двојно и повеќекратно осигурување 186

Подосигурување....188
ГЛАВА 8....191
ОСИГУРУВАЊЕ ОД ГРАЃАНСКО-ПРАВНА ОДГОВОРНОСТ....191
8.1.Општо за осигурувањето од граѓанско-правна одговорност....191
8.1.1. Однос на осигурувањето и одговорноста....194
8.2. Разлика меѓу осигурувањето од одговорност и осигурувањето на имот....195
8.3. Правни односи кои настануваат од осигурувањето од одговорност....196
8.4. Осигурување од автомобилска одоговорност....199
8.4.1. Одговорност за штета причинета со употреба на моторни возила....199
8.4.2. Осигурување од автомобилска одговорност....202
8.5. Осигурување од одговорност за нуклеарна штета....207
8.5.1. Општо за граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета....207
8.5.2. Општо за каузалитетот на полето на граѓанско-правната одговорност за нуклеарна штета....211
8.5.3. Специфики на осигурувањето од граѓанско-правна одговорност за нукеларна штета....219
ГЛАВА 9....226
ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ....226
9.1. Професионална одговорност....226
9.2. Поим на правна професија во правото на Република Македонија....228
9.2.1. Поим на адвокатска дејност....228
9.2.2. Поим на нотаријат....229
9.2.3. Поим на извршители....230
9.3. Место и основни белези на граѓанско - правната одговорност на вршителите на регулирани правни професии во правниот систем на Р.С. Македонија....232
9.3.1. Граѓанско-правна одговорност на адвокатот....233
9.3.2. Осигурувањето од одговорност на адвокат....235
9.3.3. Граѓанско-правна одговорност на нотарот....245
9.3.4. Осигурување од одговорност на нотарот....248
9.3.5. Граѓанско-правна одговорност на извршителот....249
9.3.6. Осигурување од одговорност на извршителот....250
ГЛАВА 10....259
ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА....259

10.1. Осигурување на живот ........ 262
10.1.1. Поим на договор за осигурување живот ........ 262
10.1.2. Права на осигуреникот од математичката резерва ........ 265
10.2. Видови договор за осигурување во правната теорија ........ 267
10.2.1. Осигурување на определено време ........ 267
10.2.2. Осигурување за време на целиот живот ........ 268
10.2.3.Осигурување преку фонд – Endowment ........ 269
10.2.4. Универзално животно осигурување ........ 269
10.2.5. Варијабилно животно осигурување ........ 270
10.2.6. Варијабилно (Променливо) – универзално животно осигурување ........ 270
10.3. Видови договор за осигурување живот на македонскиот пазар на осигурување ........ 270
10.3.1. Осигурување во случај на смрт ........ 271
10.3.2. Мешовито осигурување на живот ........ 272
10.3.3. Осигурување на живот во корист на трето лице ........ 275
10.4. Доброволно здравствено осигурување ........ 277
10.4.1. Општо за поимот и местото на доброволното здравствено осигурување во домашниот правен систем ........ 277
10.4.2. Правна рамка на здравственото осигурување во Република С. Македонија ........ 278
10.4.3. Доброволно здравствено осигурување ........ 279
10.4.4. Состојба на пазарот на осигурување во поглед на здравственото осигурување ........ 281
10.4.5. Посебно за договорите за осигурување во домашниот правен систем ........ 283
ГЛАВА 11 ........ 286
РЕОСИГУРУВАЊЕ И СООСИГУРУВАЊЕ ........ 286
11.1. Реосигурување ........ 286
11.1.1. Договор за реосигурување ........ 287
11.1.2. Особини на реосигурувањето како правен однос ........ 289
11.1.3. Видови на реосигурување ........ 292
11.2. Соосигурување ........ 294
ГЛАВА 12 ........ 296
ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ ........ 296

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**........................................................................................................302

**Значење на користени скратеници во учебникот**

**ABGB –** Allgemeines bürgerliches Gesetzbuch (Граѓански законик на Австрија)

**BGB** - Bürgerliches Gesetzbuch (Граѓански законик на Германија)

**CISG** - United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods (Конвенција на Обединетите Нации за договори за меѓународна продажба на стоки)

**Code Civil** - Code civil des Français од 1804 година, односно Францускиот граѓански законик, уште познат и како Наполеонов законик

**EGTL –** The European Group on Tort Law или Европска група за отштетно право

**IAEA-** Меѓународна агенција за атомска енергија (International Atomic Energy Agency)

**PECL –** Principles of European Contract Law (Принципи на Европско договорно право)

**PETL –** Principles of European Tort Law (Принципи на Европско отштетно право)

**UNIDROIT** - The International Institute for the Unification of Private Law (Интернационален институт за унификација на приватно право)

**UPPIC** - UNIDROIT Principles of International Commercial Contracts (UNIDROIT Принципите за меѓународни трговски договори)

**WHO –** Светска здравствена организација (World Health Organization)

**АСО -** Агенцијата за супервизија на осигурување

**ВСРМ –** Врховен суд на Република Македонија

**ГК РФ** - Граѓанскиот законик на Руската федерација донесен на 21 октомври 1994 година

**ЗА –** Закон за адвокатура

**ЗИ –** Закон за извршување

**ЗЛ –** Закон за ловство на Република Северна Македонија

**ЗОО –** Закон за облигационите односи на Република Северна Македонија

**ЗСДСП –** Закон за сопственост и други стварни права на Република Северна Македонија

**Новела на ЗОО** - Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, Сл. Весник на Р. Македонија бр. 84/08

# ГЛАВА 1

# ПОИМ НА ПРАВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕ И НЕГОВОТО МЕСТО ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ

## 1.1. Поим на осигурување

Зборот осигурување има едно пошироко значење во повеќето светски јазици кое во етимолошка смисла означува сигурност, доверба, заштита, обезбедување, а потоа тука е и неговото стопанско, правно и техничко значење (Šulejić, Pravo osiguranja, 2005, p. 11), за кое ќе стане збор во оваа глава.

Идејата за осигурувањето потекнува уште од стариот век кога се манифестирала како организиран начин за индивидуите да се заштитат од ризици кои им биле заеднички со останатите припадници на една иста заедница. Замислата била со учество на сите заинтересирани лица да се создаде заеднички фонд од кој ќе се надомести штета, на тој начин што ќе се распредели ризикот на повеќе лица кои заеднички ќе ги поднесат последиците. Примери за ваквата функција на осигурувањето се одредбите на Хамурабиевиот Законик во кој учесниците на караван на ваков начин обезбедувале надомест на лицата чија стока бла украдена или уништена за време на патувањето, како и случаите на заедничко поднесување на штетата настаната по фрлање на товарот во море кај поморските несреќи посебно регулирани со lex Rhodia de iactu. Идеја за економска солидарност која во својот рудиментиран облик била прифатена од поединци што биле вклучени во заеднички потфат (поморски, речен или каравански) во современи услови таа е преточена во економско-организациона основа на современите претпријатија кои се занимаваат со осигурителните дејности. Од друга страна, римското право не го познавало институтот осигурување и покрај степенот на неговата развиеност и фактот што денес се смета за колевка на голем број на институти во приватното и јавното право познати на современите правни системи. Причината за ова се смета дека се наоѓа во непостоењето на потреба ризикот да се покрива преку форма каква што е осигурувањето поради тоа што Римјаните своите ризици ги распределувале внатре во своето семејство (Jakaša, 1972, p. 4). Во правната теорија се среќаваме и со друго мислење според кое непостоењето на институтот осигурување во римското право е резултат на класната структура на општеството, затвореноста на класите, како и постоењето на ропството поради кое ризиците биле економски незначителни. Во поглед пак на покривањето на ризиците во рамки на поморското право, за римското право се истакнува како карактеристичен поморскиот заем[1], кој како вид на правна работа бил многу поедноставен од осигурувањето, како и поблизок до принципите на граѓанското право (Jakaša, 1972, стр. 4). Ова е во иста линија со теоретските заклучоци дека во стариот век нема траги од постоење на договор за осигурување, што од друга страна не значи дека осигурувањето нема никакво знање за овој период бидејќи тогаш се развивале елементите на дејноста осигурување. Иако осигурување во денешна смисла не постоело, сепак несомнено постоела свест за потребата да се обезбеди заштита од ризикот врз основа на принципот на солидарност (Pak, 2011, стр. 3).

[1] Поморски заем бил заем кој го добивал брадарот или неговиот заповедник за потребите на поморскиот потфат под услов заемот да не се врати ако бродот пропадне на патувањето за кое е даден. Но ако патувањето успешно се заврши, заемот се враќал со високи камати кои достигнувале до 60 % (Jakaša, 1972, стр. 4)